Врз основа на на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), потточка 16 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/23 и 13/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четириесет и осмата седница одржана на 30 октомври 2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА СТЕРИЛИЗАЦИЈА НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ (КУЧИЊА И МАЧКИ)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат конкретните услови, начинот и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за надоместување на трошоците направени при стерилизација на домашните миленици (кучиња и мачки).

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 од оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за стерилизација на домашни миленици.

(2) Финансиските средства од став (1) на овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при стерилизација на домашните миленици од денот на објавување на јавниот повик се до 30 ноември во тековната година, односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука ќе се користат за целосен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба направени при стерлизација на домашните миленици, во износ од 100% од вредноста на чинење на стерилизацијата, но не повеќе од 6.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на активноста за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за стерилизација на домашните миленици, Општина Гази Баба секоја година објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето до **30 ноември во тековната година** односно до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година.

(4) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот **"прв дојден прв услужен"**.

(5) Доколку бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства Општина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 5

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба кои ќе направат стерилизација на својот домашен миленик во периодот од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпување на финансиските средства наменети за оваа намена од Буџетот на Општина Гази Баба, но не подоцна од 30 ноември во тековната година, кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите на овој одлука.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од оваа одлука, вршат обработка на личните податоци на подносителите дадени при пополнување на барањето за субвенција за стерилизација на домашниот миленик, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 6

(1) Барателот треба да го достави барањето и документацијата во прилог во затворен плик до "Комисија за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за стерилизација на домашните миленици" во архивата на Општина Гази Баба, со адреса на ул."Архимедова" бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- домашниот миленик да е регистриран и чипиран (да поседува валиден пасош) односно да е внесен во базата на податоци - Идентификациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство - ИСАХВ,
- стерилизацијата да е направена во регистрирана ветеринарна установа на територија на општина Гази Баба,
- да поседува доказ за извршена уплата за извршената стерилизација.

### Член 7

(1) За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите се исполнети, барателот до Општина Гази Баба треба да достави:

- Пополнет образец за барање, кој може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на Општината (www.gazibaba.gov.mk),
- фотокопија од лична карта на барателот,
- трансакциска сметка исклучиво лична на барателот (не ополномоштена од трето лице),
- оригинален доказ дека е извршена стерилизацијата во тековната година и тоа со:
- фискална сметка или
- фактура со прилог уплатница или
- фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост,
- Фотокопија од пасош на домашниот миленик,
- потврда од регистрирана ветеринарна установа за извршена стерилизација на кучето,

**Член 12**

Општина Гази Баба, преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања, на годишна основа ќе води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" .

**Број 09-5899/22**
**од 30 октомври 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**